МАКЕДОНСКИ

# ОСТЕН

ВЕСНИК ЗА ХУМОР И САТИРА • ГОДИНА III • БРОЈ 10 • ЈАНУАРИ 2010 • 30

## НОВАТА ГОДИНА НИ Е ШАНСА КОНЕЧНО ДА СТАНЕМЕ ЛУЃЕ! ВО СТАРАТА НЕ НИ УСПЕА.




ЈОРДАН ПОП-ИЛИЕВ

## ЗА СВОЈАТА РАБОТА ВО 2009 ГОДИНА, СОБРАНИСКИОТ СОСТАВ БИ ТРЕБАЛО ДА ДОБИЕ ЧИСТА ДЕСЕТКА! СО КРОМИД.

АФОРИЗМИ: ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

# НОВОГОДИШНИ ПОРАКИ



# КОГА БУВОВИТЕ СТАНАА УТОВИ

**МАНАСИЕВСКИ**

Акаше безглаво од лево во десно,
само за да си ја зголемиш славата!
А дури сега пред избори утврди
дека ти одело од газот во главата.

**ЦРВЕНКОВСКИ**

Секој сонува опозиција силна,
спремна за јуриши и офанзиви.
Сеедно е кој е позиција а кој позиција,
македончињата да ни се здрави и живи!

**ГРУЕВСКИ**

Актиквизација на Македонија
е проект за век и векови.
За влезот во модерна Европа
ни требаат мангупи нови!

**АХМЕТИ**

Нека се пука до мила волја,
од калашникови, тенкови или топови!
Ама не во денови делнични
туку само на Години нови!

**АНДОВ**

Стара лисица си те знаат,
можеш да стоиш и на клепка!
Ама за твојата лустрација
на нашиве око не им трепка!

**БОШКОВСКИ**

Човек во Македонија може да е
богзнае колку паметен или глуп,
ама работите во политиката
ни се решаваат преку Јутуб!

## ПОМЕЃУ КАИН И АВЕЉ ТЕЧЕ ВАРДАР

Задникот на Македонецот
е подготвен на сè!
Тоа е единствен наш орган
кој е на височина на задачата.

Кај нас, само на закоп,
секој си го знае местото!

Македонија е земја на благосостојба!
Во неа, без проблеми,
можат да живеат 500.000 Македонци.

Идеолошката концепција
од капитализмот ќе ја вратиме.
И онака ја зедовме само
колку да ја ископираме.

Се подготвувавме за балканска бајка,
а влеговме во балканска басна!

Самозадоволувањето е
особина на импотентните.
Само што од тоа страда народот.

Книгата е храна за нормалните.
А ние книги сè помалку конзумираме.

Па што ако стане потоп во Македонија?!
Секој наш политичар се смета за Ное.

Солун е наш, Тетово е наше,
Гостивар е наш...
И така по ред, да не набројуваме.

Никој во Европа не може да го види
напредокот во Македонија,
бидејќи ние Македонците
си ги извадивме очите.

**АФОРИЗМИ И ТЕКСТОВИ**
**Васил ТОЛЕВСКИ**

## ЈАНУС Е ГРЧКИ БОГ, А АНУС Е НАШ. ЗАТОА НА АНУС МУ СЕ КЛАЊАМЕ СО ВЕКОВИ.




Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ

# НАСМЕВНЕТЕ СЕ, РАБОТАВА НИ Е ЗА ПЛАЧЕЊЕ.

Зоран МИХАЈЛОВ




Саша ДИМИТРИЈЕВИЌ

## ДА ТЕ ПРАШАМ

**Театар**
- Знаеш ли зошто не прават вистински театар од парламентот?
- Зошто?
- Затоа што не им се исплаќа.
- Како не им се исплаќа?
- Па така, ако направат вистински театар од парламентот ќе земаат помали хонорари за својата глума.

**Логика**
- Дури сега ми е јасно зошто во чашата на говорницата има кисела а не обична вода.
- Зошто?
- Затоа што на пратениците не им се исплаќа да одат до говорницата за чаша обична вода.

**Вера**
- Тато знаеш ли дека платеникот од нашиот глад си ја сменил веЛата?
- Кој ти го кажа тоа?
- Дедо. Тој секогаш кога платеникот од нашиот град ќе излезе на говолница вели: "Е овој откако стана платеник постојано си плави Бајлам на мозокот"!

**Донации**
- Знаеш ли дека вработените од МРТВ се растрчале по донации?
- Па на тоа имаат право.
- А да те прашам би им дал ли нешто на оние од МРТВ?
- Секако. Би им донирал орган.
- Каков орган?
- Срам ми е да кажам.

**Замерка**
- Што најмногу им замеруваш на нашите парламентарци?
- Тоа што не успееа да го одложат доаѓањето на 2010 за едно десетина години.
- Зошто?
- Толку време ми треба да ги расчистам старите сметки.

**Пренос**
- Да те прашам?
- Повели.
- Дали мислиш дека во 2010 треба да се вршат преноси на седниците на Парламентот?
- Се разбира. Но со најавата треба да пишува: "Забрането за лица под сто години".

**Време**
- Што ќе се случи ако во парламентот постават ѕиден часовник?
- Секогаш ќе покажува пет до дванаесет.

**Именка**
- Каква именка е пратеник?
- Безлична.

**Превентива**
- Докторе може ли да се добие свински грип од следење на парламент?
- Се разбира дека не може.
- А, може ли да се добие козји грип?
- Се разбира не.
- А може ли да се добие птичји грип?
- Не. Гарантирам.
- Па тогаш не мие јасно зошто политичарите прават стока од народот.

Миле ЃОРЃИЈОСКИ

# СТРАДАЊЕ ВО ЦИКЛУСИ

Не сме осветољубиви.
Никогаш не му враќаме
на посилниот.

Сакавме да ги вкрстиме мечовите
со најголемите светски сили,
ама тие имаа само бомби.

Проектилот може да заталка.
Огаш тоа се вика пријателска
посета.

Воздушната операција успеа.
Пациентот се разлета на сите
страни.

Современите војни траат кратко.
Да не се направи редица.

**Весна ДЕНЧИЌ**

**Кети РАДЕВСКА**



# МАКЕДОНИЈА Е НАЈМНОГУ БОГАТА СО ПРИКАЗНИ ДЕКА Е – БОГАТА.

**Иван КАРАДАК**




**Горан ЌЕЛИЧАНИН**

# ОСТЕНИЗМИ

**Иван РУСЈАКОВ**

**Деновиве се навршуваат 40 години од објавувањето на моите први Иванизми во "ОСТЕН". Нека им е вечна слава!**

За оној кој се смета за Закон, законите не постојат!

Нормално е МТВ да бара да плаќаме претплата за минатите години, зашто и програмата е од тоа време!

Основната дејност на топлификација изгледа се базира на онаа народната: куче, маче – заедно!

За да се најадеш од златното јајце, треба прво да го – продадеш!

Пројдоа времињата на бегање од село во град, па сега е во мода одење на - "Фарма"!

Покриен задник никој не – плаќа!

Единствено таткото може да биде пијан како – мајка!

За магарето никогаш не се кажува колку товар носело, туку колку инает имало!

Не е баксуз кога те чека некоја згодна црна "мачка" или пак тринаесетта плата!

На вистинските мажи им паѓа тешко кога во животот се им паѓа лесно!

За разлика од обичните стапови кои имаат по два краја, "Остен" – от има повеќе – почетоци!

Не ја прекривајте екологијата зад – нехигиената!

Во училиште беше прв, но во – бегање од часови!

Изгледа дека сите што се паднати од Марс всушност се родени на – Земјата!

Секоја ера си има свој – Еро!

Нема ништо поскапо од ниската цена на – моралот!

Колку и да ни ги прекрстуваа презимињата во минатото, сепак на името не му можеа ништо!

# ПАРЛАМЕНТАРНИ СКАКУЛЦИ

Македонија има шест месеци за да донесе одлука, околу датумот за преговори. Ваквите како нас, на кои им направија вакво какво ни направија нас, обично чекаат - девет месеци.

Се очекува дека одлуката од Брисел ќе се одрази врз меѓуетничките односи. Или како што вели Саркози - на односите меѓу „проблематичните". Како и да ни се развиваат односите, и во иднина меѓу проблематичните ќе тече Вардар!

Изгледа дека Претседател на Антикорупциската комисија е Колумбо. Со тоа што утврдија дека има корупција во владата, тие ја открија Америка.

Бадијала експертската јавност тврди дека Македонската телевизија станала сервис на владејачката партија! По сè изгледа Ефтим заборава дека телевизијата во една земја е огледало на демократијата. Или кај него работата е како Снежана и седумте џуџиња, па сам се прашува во огледалото-кој е најубав на македонскиот медиумски простор. За Ефтим, Ефтим е најубав па и од кал да е.

Ми се жали наш читател! Вели дека дури сега видел дека бадијала гласал за неговиот пратеник. Неговиот пратеник во политиката е исто како кај жена му - импотентен!

Ми се јавува наш постојан читател: Утврдив дека политичариве и не се така лоши луѓе! Само треба да им помине мандатот.

Министерството за труд и социјала тврди дека недостигот на храна никогаш нема да се појави кај нас.Оти тоа што му се дава на народот да јаде, го произведува секое суштество на планетата!

**Сотир МАЗГАЛОВСКИ**




**Костадин УСТАПЕТРОВ**



# ДЕНОВИ ЛИ СЕ ДЕНОВИ

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

**Штедење**

Опозицијата најавува женска пролет 2010 година.
Штета! Подобро ќе беше да имавме жешка зима! Така барем ќе заштедиме на струја, парно, плин, дрва..

**Ладење**

На спектакуларната Фонтана ќе биде поставен огромен споменик на воин на коњ. Само, останува нејасно кој дел од телото на воинот и коњот ќе им го лади фонтаната!

**Лотарија**

Сто граѓани од Македонија благодарение на лотаријата владата имаа можност да прошетаат низ Париз.
Со оглед на економската ситуација не е далеку денот кога кога владата ќе треба да им организира лотарија на жителите од внатрешноста да имаат можност да прошетаат низ Скопје.

**Вина**

За недобивањето на датум за преоговори виновна е опозицијата со своето деструктивно однесување.
Но власта работејќи 24/7 и покрај деструктивното однесување на опозицијата успеја да ја внесе Македонија во 2010.
Тоа е мал чекор за влста но голем за Македонија.

**Антиквизација**

Градоначалникот Коце Трајановски ќе ги враќа на плоштадот старите плочки.
Среќа што Трајановски раскрсти со антиквизацијата па не му паѓа на ум да го прави плоштадот каков што бил во време на Александар Македонски.

**Војна**

Во отворениот конфликт помеѓу пратеничките на ДУИ и Вмро-ДПМНЕ летаа и куршуми и калашникови а богами се потсетивме и на 2001 година.
Дали е на повидок нова борба овојпат за женските права помеѓу старите борци за човекови права од 2001 година.

**Ветување**

Али Ахмети се жали дека ако дојде до предвремени избори ќе нема што да им вети на избирачите.
На овие простори толку многу им е ветено на избирачите што ни ново петвековно ропство не ќе биде доволно за да се остварат дел од предизборните ветување на партите.

## КОСКА ВО УСТА

**Костадин УСТАПЕТРОВ**



Кога барам работа, партиите
и газдите ме сметаат за странец.
Ќе морам да аплицирам за
влез во сопствената земја.

Старите и децата се на ист акл,
затоа добро се сложуваат во играта.

Кога сте стар, се нешто ве боли,
а кога сте млад - баш ве боли.

Зад убавината се крие гордоста,
а зад политиката - подлоста.

Ударник е човек кој е удрен,
оти работи повеќе отколку што е платен.

Тројазичност- македонски јазик,
албански јазик и јазикот на оружјето.

Само богатите можат да штедат,
оти сиромашните немаат што.

Ние сме издржале
и – подобри времиња.

Животот е борба однапред изгубена,
ама живи не се предаваме.

## МОЗОЧНА КАЛДРМА

Мирниот народ лесно се држи на нишан!

На земја не газат
затоа и ни мавтаат со рацете.

Ние сме трагичен народ,
затоа и не водат комедијанти!

Кога одлучуваат тапанари
државата оди на барабан.

Се затворија во себе се плашат од промаја.

Демократијата е постојано на проба.
А за проба пари не се зема.

Пред контејнерите нема граѓани од прв и втор ред. Таму редовите се бесконечни!

Занаат дека не касаме
затоа и ни дадоа да лаеме.

Не го ставаат прстот на челото.
Се плашат да не ја испуштат власта од рацете.

И пацифистите пукаат на повисока положба.

И кога политичарите живеат во заблуда,
народот ја плаќа киријата.

**Наташа ЃОРЃИЈОСКА**

## РЕВОЛУЦИЈА СО ШУПЕЛКИ НЕ СЕ КРЕВА.

**Ефтим ГАШЕВ**



**Јордан ПОП-ИЛИЕВ**

## ПРВО НИ ЗЕДОА БАКШИШ, А ПОТОА НИ ГО ОТСВИРИЈА ПОСМРТНИОТ МАРШ!

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

## КОГА МУ КАЖАВМЕ ДЕКА СИТЕ СЕ КРСТИМЕ ВО НЕГО, ПОБАРА ДА ГО ПРОГЛАСИМЕ ЗА - СВЕТЕЦ.

**Иван КАРАДАК**

## КУЧЕШКА ПЕСНА

Секое живеење
во мака и бес,
ме направи да бидам
македонски пес!

Секое негодување
ржење и баење,
кај мене раѓа нагон
за кучешко лаење!

Затоа пак оној
кој ме рани од раче,
ме направи да лаам
слично како маче!

**Петар ТЕВДОВСКИ**

**Јово НИКОЛИЌ**

# ВЛАДА КОЈА НЕ ПРЕЗЕМА НИШТО, РЕШИТЕЛНА Е ДА ИСТРАЕ ВО СВОИТЕ НАМЕРИ.

# МАКЕДОНИЗМИ

Македонија не е грда дама,
па со „пластична” операција
да и го промените ликот,
менувајќи и го името.

Македонија не ќе беше Македонија,
ако не е Македонија.

Македонскиот идентитет е длабоко вре-жан во свеста на народите, иако некои сакаат да го третираат со потсвеста.

Македонецот низ вековите го јавале
и луѓе, и коњи, и магариња,
сепак тој не се изгрбавил.

Болните од антимакедонизам,
време е да оздрават.

Александар Македонски „бил Грк”,
ама ги поробил Грците како Македонец.

Стеблата и гранките се членки на ЕУ,
ама во Македонија е коренот на Европа.

И Библијата е камен
-темелник на Македонија.

Како тоа и тие се Македонци,
кога ние не ги зачнавме.

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**

## САТИРИЧНИ ПРИКАЗНИ

### МЕТАФИЗИЧКИ ВАРИЈАЦИИ

Татко и јас фаќаме риби. Тука, на прв поглед, нема ништо чудно. Меѓутоа, мојот татко е умрен веќе дваесет години. Тоа веќе е помалку необично. Чудно е што никаде нема река. Само висока трева од која ни ѕиркаат главите. Додека чекаме рибата да трзне, ја читаме песната-Метафизички доказ на постоењето. И Александар Ристовиќ е мртов, ама тој не е со нас бидејќи не сака рибарење. Не сме претерано тажни поради тоа, особено затоа што немаме доволно вештачки мушички. Неговата песна, и без него, ни служи како доказ дека тука нешто реално постои. Ја земаш книгата Песни 1984-1994, ја отвотраш на деведесет и деветтата страна, и веднаш се уверуваш дека е тоа стварно.

Кога уловивме доволно пастрмки, се вративме во град. Татко во чудо гледа околу себе. Каква промена! Нема повеќе криминал, корупција. Некоја поинаква власт.

Книгата на Александар Ристиќ не ја вадам од џебот. Барем и во градот да биде нешто стварно.

**Ѓорѓе ОТАШЕВИЌ**

# СИТЕ НАРОДИ СЕ ИСТИ

Насмејте се малку на посмртниот одар.
Нека видат непријателите колку сте
среќни што нема да ги видите повеќе.

На нашиот народ му тече мед и млеко.
Наскоро ќе почнат да им течат и лиги.

Се чувствува смрдење од Собранието.
Мора пратениците да навалија
на гравче со колбас!

Кога во сон ќе почнете да гровтате,
побарајте лекар.
Можеби тоа се први симптоми на свин-
скиот грип.

**Митар МИТРОВИЌ**




**Веселин ЗИДАРОВ**

# МУЗИКА ЗА ГЛУВИ



**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**

Откако станав политичар
не трчам по курви.
Задоволен сум од политиката.

Половината криминалци се
членови на партии.
Останатите се на власт!

Кога Водачот го силува народот,
само настраните уживаат.

Нашиот Водач е феномен!
Слепец а гледа сѐ.

Велите дека има чесни политичари?!
А на која гранка седат?

Тоа што сме божје стадо, не значи
дека секој може да не молзе.

Никој не може да каже
дека мојот пратеник е стока.
Од стоката имаме некаква корист.

Не можеме да одиме понатака.
Ни застана мозокот.

Турците не сексаа пет века.
А потоа се премина
на самозадоволување.

# ГОЛА ВИСТИНА



**АЛЕКСАНДАР ЧОТРИЌ**

Кога се во масата полицајци во
цивилно, многумина цивили
завршуваат во полиција.

Подобро беше додека
не можеа со очи да се видат.
Сега се гледаат преку нишанот.

Има вишок пари поради
недостаток на докази.

Инвеститорот ги исполни
еколошките стандарди.
Ги испра парите.

Тој е многу ангажиран стопанственик.
Најмногу работа има со полицијата.

Кога некоја држава влегува
во европскиот воз, тогаш
ја поништува својата карта.

Ако кажам дека сакам да ве тепам,
како тоа може да биде
говор на омразата?!

Се излечија од патолошко мрзење.
Сега се мрзат со причина.

Имаме одлична маркетиншка
организација, ама немаме работа
поради слабата реклама.

# НИЗ ИГЛЕНИ УШИ



**МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ**

Внимаваат како не молзат.
Се плашат да не го разбудат
животното во нас.

Знаеме што е акупунктура.
Постојано не држат в скут.

Не дозволивме да се одвои црквата
од политиката. Се крстиме и на
поповите и на политичарите.

Не е повеке татин син.
Го пратија во мајчината!

Ќе живее овој народ.
Значи има живот и после смртта!

Му ја одраа кожата. Сега е како нов.

Им влеговме во трага.
Сега сме во говна до гуша!

Кога се продава државата
народот оди гратис.

Дрвените глави не ги плаши
црвот на сомнежот.

И раката на правдата
Има среден прст.



**Кети РАДЕВСКА**



**Веселин ЗИДАРОВ**

# ДЕМОКРАТИЈАДА



## АЛЕКСАНДАР БАЉАК

Прекини ако те давам, рече питонот.

Не сме претерано воодушевени
со владеачкиот режим.
Ние сме лута опозиција.

Сите не мрзат затоа
што сме најпопуларни.

Резултатите на изборите
однапред се познати.Власта нема
што да крие од народот.

Конечните резултати од изборите
се сѐ подобри и подобри.

Нашата партија е омилена
во народот, ама избирачите
многу лесно поминуваат
преку тој факт.

Државниуот циркус истовремено
гостува во сите места.

Не можам да се симнам
од победничкиот пиедестал,
многу победував!

Кога се болните на власт,
народот е во карантин.

# МИСЛИ БЕЗ ПРОТОКОЛ

## ИВАН КАРАДАК

Политичарите ни режираат,
а ние глумиме - среќен народ!

Националистот и кога нарачува
будење, бара тоа да биде -
национално будење!

Најголем противник на нашиот
кандидат, му е - нашиот кандидат!

Кога полицаецот ќе почне да бара
мито, тоа е исто како кога поп
ќе почне да го пцуе - господа!

Одамна поминаа времињата
на златни рипки. Денес три желби
исполнуваат - сомовите!

За народот нема место дури
ни на Платоновата - Гозба!

Таму, каде што се зависи од тоа
на која боја и припаѓаш,
животот станува - безбоен!

Најдобар лек против мигрената
имаат измислено Македонците.
Не знаат кај им е - главата!

И Платоновата држава пропадна
поради премногу - филозофирање!

Тешко си им на бебињата во држа-
вата, во која цицаат - возрасните!

# АПЧИЊА ЗА ЗДРАВИ

## ГЕОРГИ ХАЏИВАСКОВ

Заскитаните функционери
можат да бидат поопасни
и од заскитаните куршуми.

Не разгорувајте го огнот!
Сите сме во котелот!

Кој на збор дава се од себе,
обично на дело
зема се за себе.

Продлабочувајќи ги односите
стигнавме до дното.

Дочекавме ’рѓи да ни зборуваат
за златни времиња.

Урбаната мафија
е само прст
од долгата рака.

Меѓу кучињата
не се знае за кучешки живот.

По големите соништа
доаѓа - несоница.

Чудно е што и слоновите
се обидуваат да поминат
на мала врата.

За некои Гордиев е и јазолот
на врвките од чевлите.



Горан ЌЕЛИЧАНИН



Саша ДИМИТРИЈЕВИЌ

# ЈАС И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ОДЕВМЕ ВО ИСТО ЗАБАВИШТЕ. НИШТО НЕ СЕ ПРОМЕНИ.

**Милан ТОДОРОВ**

## ФИЛУВАНО ОД РИСТОС

Нечии секири паднаа во мед и
– животот ни стана горчина.

Најопасни историчари се оние
кои историјата ја пишуваат-денес.

Како што одат работите,
од Македонија ќе стане - мешана салата.

Моја неостварена желба
– да бидам куче на богаташ.

Како што стојат работите
македонското знаме ќе се вее
само ако дувне ветар од - Европа.

Постојано се тртиме на запад
а не дупат од исток и југ.

Направивме голем стадион.
Ни фалат уште гладијаторски игри.

Државата ни е во рецесија,
а народот одамна на - вересија.

Не подготвуваат - нарачани се
илјадници контејнери.

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**

**Слободан СИМИЌ**

# СИТЕ УМНИ ЛУЃЕ ГЛАСАА ЗА МЕНЕ. ИЗГУБИВ НА ИЗБОРИТЕ.

## КРЛЕВИЗМИ

Какво време дојде
– метереолозите да го погодуваат сто насто.

Некои години ги запомнуваме
по тоа што сме ги заборавиле.

Конечно фати чекор со времето
– го навива градскиот часовник.

Остави простор да го прегази времето.

Времето работи за винариите.

Видов колку е часот
и одлетав во друга часовна зона.

Кај нас секоја средина е малку лево.

Во средината, како и да се завртиш,
задникот ти е мета.

Само за одредени кругови
средината е центар.

Нагоре високо-надолу длбоко,
а средината не го прифаќа.

**Атанас КРЛЕВСКИ**

## СМС – АФОРИЗМИ **Илија МАРКОВИЌ**

Повеќе примедби се
на Статутот на Војводина
отколку на Уставот на Косово.

И после Тито - Маршал.
И после сапун - сапуница.

Владата не верува
дека ММФ не и верува.

Да живее слободата
на медиумите и млекото!

Во Црна Гора два мобилни по жител.
Во Србија два имобилни по работ-
ник.

Не е јаболкото рајско овошје
туку бананата.

Храната статистички е поефтина
откако статистиката се храни
со бајати податоци.

Министерот е во право:
Цената на мозокот во Србија
е поефтина отколку во регионот.

Ако лаже пушката,
не лаже катодната цевка.

Не може афоризмот да се роди
сè додека сатиричарот
не ја оплоди дупката
во законот на логиката.

Докапитализација:
Папата го помилува
Маркс по главницата.



**Кети РАДЕВСКА**

# НИЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ВОЈНИ ИМАВМЕ ЖРТВИ БЕЗМАЛКУ КАКО ОД ПЛАТИ И ПЕНЗИИ!

**Раде ЈОВАНОВИЌ**

# БАЛКАНСКА АФОРИСТИЧАРСКА РАПСОДИЈА

* Валканите сметки се најдобро средство за перење на парите.
* Сè што ќе премолчите може да биде искористено против вас.
* Не верувајте во секоја глупост. Имате можноста да бирате.

**Живојин ДЕНЧИЌ**

* Полицијата ги затвора очите пред проблемите. Ете како добив модринка пред Собранието.
* Можеме да ја храниме цела Европа. Само да ни тргне од газот.
* Ако Марко Крале бил неписмен, како толку драми носат негов потпис?!

**Бојан БОГДАНОВИЌ**

* Телевизијата е орудие за масовно уништување.
* Три децении сум ветеринар, ама вак - ва навивачка стока сеуште не сум видел.

**Драгутин МИНИЌ КАРЛО**

* Србија помина поубаво од Македонија. Нејзе и земаа 15% од територијата, а на Македонија сакаат да и го земат името.

* Се лажат оние кои велат дека правдата е бавна.Таа за килавите е недостижна.

**Живко ВУЈИЌ**

* Во самото решение дојде до проблем.
* Изградивме добри соседски односи. Пред нас е ѕид.

*На работ од законот, на чекор си до затвор.

**Абдурахман ХАЛИЛОВИЌ АХИЛ**

* Ставете ги маските. Не можам да ве препознаам.
* Кој пее зло не мисли, а кој мисли, на тој не му е до песна.
* Соберете се. Можеби и не сте нула!

**Сенад ХОНИЌ - ХОНА**

* Излегов од кожата, ама си ги земав коските.
* Кога ќе се напијам, полесно го минувам гладот.




**Костадин УСТАПЕТРОВ**

* Ја менуваме историјата. а ускладуваме со географијата.

**Милен МИЛИВОЈЕВИЌ**

* Историјата е учителка на животот. Ама Балканците се лоши ученици.
* Лесно ни е да ја разбереме политиката, кога ни се политичарите прости како грав.

**Анѓелко ЗАБЛАЧАНСКИ**

* Пукаат главите. Се шири мислата.

**Зоран Т. ПОПОВИЌ**



**Кети РАДЕВСКА**

* Колку ни треба демократија за да ги потчиниме?
* Извини што те сметав за брат.
* Во босанскиот лонец дното е на врвот.

**Екрем МАЦИЌ**

* Државната кола стои. Стоката пасе.
* Хуманост на дело. Контејнерите се полни со донации.

**Суно КОВАЧЕВИЌ**

* Кога паметот ќе го напушти врвот, на народот ништо не му е рамно.
* Маса е сето она што може да се обликува.

**Пеко ЛАЛИЧИЌ**

* Пред војната комшијата чуваше коза. А сега го чуваат горили.
* Се уби сам себеси. Не сакаше никому да остане должен.

**Митар МИТРОВИЌ**

* Ако на благородниците крвта им е сина, тогаш какви им се лајната?!
* Убава работа ама ѓупска, па затоа поубаво безработен да си.

**Пламен ГЕОРГИЕВ**

* Не е вистина дека прав креваат добрите коњи. Прав креваат добрите кобили.
* Кога државата ќе почне да скапува, тогаш е идеална за разни болештини.

**Јасим МРКАЉ КАДМУС**

* Од каде припадник на нашето национално малцинство во нивното село? Не знаеме. Мора да заостанал.
* Не се ни сите припадници на друга нација лоши. Еве, петтиот од десно.

**Божо МАРИЌ**

* Имам двајца синови. Двајцата машки.

**Саво КОВАЧЕВИЌ**

* Изгледа дека до работа му е само на Сизиф.
* Во недостаток на памет се учи напамет.

**Милан ПАНТИЌ**

## ОТКОСО

Невработен граѓанин купил
половина килограм свинско каре!
Истрагата е во тек.

Ми се качи крвниот притисок.
Лекарот ми забрани
да гледам политички емисии.

Македонецот тагува за татковината
кога е во туѓина! Кога е дома, гледа
да спрашти во белиот свет!

Во Македонија ништо ново!
Подобните имаат предност
пред способните!

Го менуваат државниот грб,
врз грбот на работниците!

Провери како се збогатил,
па да знаеш што човек е!

Тој е голем патриот!
Измислува државни непријатели!

Господа историчари, нашата Историја
има многу црнила, затоа внимавајте
да не си го извалкате образот!

**Димитри ЛЕШНИКОВСКИ**

## КОРУПЦИЈАТА И ЖИВОТНИТЕ

Уште со почетоците на животот на нашата планета се забележани првите обележја на корупцијата. Да го земеме примерот на Адам и Ева со јаболкото. Истото се однесува и на другите примери од Библијата за разните предавства и убиства. Сепак ваквите примери се карактеристични единствено за човекот како за најкорумпираното битие на земјата. Но, сепак прашање е дали и кај животните може да се забележат карактеристики на корупција. Секој веднаш ќе си помисли дека ова е смешно.

За пример ќе дадеме некои најобични животни како полжавите. Зошто тие би влегле во редот на корумпираните? Па, ете токму заради фактот што секој од нив си има своја куќа, а тоа за нашите ситни човечки сфаќања веќе има корумпирачки карактеристики. Потоа, да ги погледнеме штрковите. Зарем сите тие без исклучок не живеат на ептен висока нога? А да не зборуваме за лисиците, мечките или видрите. Зарем тие не се облечени од главата до петиците во најскапоцени крзна, и тоа не туѓи туку - сопствени?! Ова досега набројени се животните што живеат во нашите најблиски шуми, а не дај боже да почнеме да се занимаваме со животните од другите побогати континенти, од џунглите или пак океаните!

Така ќе утврдиме дека Антикорупциските комисии би имале премногу работа. Но, да ги оставиме животните на мира. Сосема доволно ќе биде да се занимаваме со корупцијата во човечкиот род, и тоа само во најново време во рамките на нашата мала држава. По сѐ изгледа дека и само во тие ограничени рамки Антикорупционерите би биле бесконечно зафатени. Но, какви - такви, да сме си живи и здрави, и - долговечни!

**Иван РУСЈАКОВ**

**Љубомир КОТРХА**



# ТАТКОВИНО ИЗВИНИ. НАЈДОВ ДРУГА.

**Нинус НЕСТОРОВИЌ**

## НОВА ПРСКАЛКА

Среќна е годината пред нас, среќни се годините позади. Во слава на новата се испукуваат плотуни на стари ветувања - во вид на прскалки, со вкус на несолени шеги. Во експлозијата на бројки најмногу одекна нулата. Само поради тоа што во неа немаше ништо.

И покрај сѐ, некои нули се како топовско ѓуле.

Ако е според нулата, и во Новата Година, нуждата законот ќе го менува. Времето ќе минува помеѓу две нули. Една е прва. Еден е прв. Кој е прв - неговиот е последен.

Пресметката не трогна: секој резултата им е - нула. Резултатот е под линијата. Што вреди што сметаа со милијарди, кога конечниот резултата е нула. Сѐ поделија - и на никој ништо. Е, што е многу, многу е. Ништо не направија. Не ви можат ништо. Ништо не се грижите. Ништо нема да ви се случи. И навистина, беа на местото на настанот. Ништо не им се случи.

Меѓутоа гледајќи низ ореолот, секој светец е - нула.

Кога ќе се соберат два броја, се добива еден. Еден и еден се како еден. Ако вистината е само една, тогаш еден и една се едно. Откога се исто нула, кругот и о, нулата е број еден. Еден и еден се два, ама едвам. Ако се два и два пет, изгледа дека е виша математика. Добро е кога еден и еден се два, меѓутоа проблем е кај одземањето. Кога сé ќе се собере и одземе, останува ништо. Кога играме еден на еден, дозволен минус е еден.

Поминатата е мината. Всушност - нула: Тоа е точка која се повлече во себе.

**Илија МАРКОВИЌ**

# ЗАГУБЕНИТЕ ГЕНЕРАЛИ ЈА ЗАГУБИЈА И ВОЈНАТА.

**Евтим ГАШЕВ**

## ПРЕВИРАЊА

Во секоја коалиција
имам голема опозиција.

Што ако имам мал нос кога
сите ме влечат за него.

Добрината е добра особина
ама во добра средина.

Луѓето во Македонија не треба
да штрајкуваат со глад.
Тие и онака се гладни.

Светот на младите останува.
Ако им дозволат старите.

**Душко ЃОРГИЕВ**

## НЕДОВОЛНО МРТОВ

Разговорот со менаџерот за човечки ресурси во неодамна приватизираното претпријатие во кое до вчера работев, овој пат траеше многу кратко. ЕЈЦ АР менаџерот на компанијата ми предочи дека во тоалетната просторија поминав повеќе од предвидените минута и седумнаесет секунди. Иако уредот за проток на телесни изачувања покажа дека мојот престој од две минути не беше без приќина, менаџерот беше немилосрден. Со зборовите: Господине не ви е ова комунизам и самоуправување, ме потсети на претходното, уште потешко кршење на работната дисциплина. Тоа беше онојпат, како што е утврдено, кога го злоупотребив престанокот на работата на срцето и се излежував во амбулантното возило. Во работното време, се разбира. Божем умрев а всушност се работеше за клиничка смрт, т.е. само престанок на работата на срцето, ама не и на мозокот. Оној мозок со кој смислив вакво неоправдано отсуство од работното место.Не даваше ЕЈЦ АР да се залаже. на Ултралајн универзитетот тој посетуваше и дводневен воркшоп под областа на ургентната медицина, а на таков експерт ништо не може да му се промолкне. Не е ова самоуправување!

**Милан БЕШТИЌ**




Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ



СРПСКО УЧИЛИШТЕ Горан ЌЕЛИЧАНИН

## ДОСКОКНУВАЊЕ

На оние на кои им се врзани рацете,
принудени се да одат на ѓон.

И за братоубиствена војна потребни се двајца.
Србин и Хрват.

На наркомафијата зададен и е голем удар.
Уапсени се неколку улични дилери.

И на неписмениот животот му пишува романи.

Бадијала молерисувавте. Пак упрскавме.

Не е тоа брод на лудаци. Тоа политичарите
на сплавот прават збрки.

Секако дека светлото е на крајот од тунелот,ама,
ние само што влеговме во него.

**Раде ЃЕРГОВИЌ**

**ДА НЕ СЕ ДРЖЕШЕ СЕКОГАШ ИСПРАВЕНО, НЕМАШЕ ДА МУ ПАДНЕ ГЛАВАТА.** Грујо ЛЕРО

**МАЛУ Е ЕДЕН ДИКТАТОР. НАШИТЕ МОЖНОСТИ СЕ МНОГУ ПОГОЛЕМИ**

Дејан МИЛОЈЕВИЌ



# МАЈСТОРИ НА ЦРТАНИОТ И ПИШУВАН ХУМОР

## Хусеин Чакмак-Северен Кипар

Кога би имало инструмент за мерење на вредноста на авторите во цртаните и пишуваните дела, Х. Чакмак секако би влегол во групата автори од прва категорија.

Неговата идеја е јасна а цртежот е специфичен (геометриски) и ослободен од детаљи и оптоварености. Мислам дека не постои карикатурист кој не соработувал и не наишол на прием кај Чакмак, нема ниту читач на хумор кој не наишол на "Yeni Acrep" (основач и уредник на електронското списание) и најпосле не постои политичар во С. Кипар кој не контактирал со Х. Чакмак, почнувајќи од претседателот на С. Кипар па до секој градоначалник.

Голем би бил списокот на успеси на Чакмак, но ќе одвоиме само неколку збора во неговата биографија.

Роден е во 1964 г. во Никозија - С. Кипар.

Правата карикатура ја објавил во 1976 под влијание на хумористичните списанија во Турција.

Првата изложба ја отворил на отворено во 1983 година во Никозија, а потоа во Хрватска, Полска, Турција...

Неговите карикатури се препечатувани во повеќе држави.

Еден од основачите на Здружението на карикатуристите на С. Кипар.

Повеќе од 23 години е претседател на ЗЦСК.

Иницијатор на повеќе Конкурси за карикатура. Бил член на жирија во повеќе земји.

Добитник на повеќе награди во С. Кипар и странство.

Член е на редакција на FECO - весникот што излегува во Холандија. Член на списанието "Witty World"-САД.

Член е на здружението на новинарите на С. Кипар, напишал многу текстови за хуморот. Објавил неколку книги за историјата на карикатурата на Кипар.











**WEB- СТРАНИЦИ ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ**

**За сите оние кои сакаат да соработуваат на полето на хуморот, сатирата и карикатурата, МАКЕДОНСКИ ОСТЕН им ги препорачува:**

***ЕТНА*** www.aforizmi.org/etna
(Весна Денчиќ) etna@dencic.com

***НОСОРОГ*** www.nosorog.rs.sr
(Горан Кљајиќ) nosorog@blic.net

***ЖИКИШОН*** www.zikison.net
(Зоран Матиќ-Мазос) zikison@zikison.net

***ПОЛИТИКА*** www.politika.co.yu
(Драгутин Миниќ Карло)
redakcija@politika.co.yu


**МАКЕДОНСКИ ОСТЕН**

*Издавач:*
Здружение на хумористи и сатиричари „ОСТЕНОВИ“

*Главен и одговорен уредник:*
Васил ТОЛЕВСКИ

*Редакција:*
Миле ЃОРЃИЈОСКИ
Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ
Јордан ПОП ИЛИЕВ
Никола СИМОВСКИ

Графички уредник:
Бојан СИМОВСКИ

Адреса на редакцијата:
ул. Знеполе бр. 16, 1060-Скопје
e-mail: makedonskiosten@yahoo.com

Ракописите и карикатурите не се враќаат.


# ЕПИДРАМИ

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**

**ИМЕ**
Јас знам како се викам.
Ти знаеш како се викаш.
Ги тераш другите на ново име,
демек за лето и за зиме.

**ТЕТ А ТЕТ**
Глава до глава,очи до очи,
кажи ми да ти кажам без да лажам.
На радост на Европа и светот
да се договориме за десертот.

# АРИТМИЈА

Опасен човек!
Внимавај, каса!

Диктаторот сака да
стави се под своја капа.
Ама, има луѓе и гологлави!

Се додека има вистина,
ќе има и лага.

Политичките игри
се како панаѓурските:
Кој ќе натегне, тој ќе затне!

Кај нас нема луди крави!
Полудеа воловите!

Човекот е скелет
во општеството!

Кучешки живот!
шинтерско време!

Рекетарите порано играа
тенис, а денес бејзбол!

Афоризмот е
карикатура со зборови!

Постојано е на јаслите,
а никако да порасне!

**Ефтим ГАШЕВ**

# ЕПИГРАМИ

**ОПСЕСИЈА**
Кој живее
На вересија,
Парите му се
Опсесија!

**ТРАНЗИЦИЈА**
Се снаоѓа
Кој како стаса,
Бидејќи пропаѓа
И средната класа!



**Зоран ЗЛАТИЧАНИН**

# НЕ Е ТОЧНО ДЕКА ПАМЕТНИОТ ПОПУШТА. НАС НЕ СМЕТААТ ЗА ЛУДИ.

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**




Горан ЌЕЛИЧАНИН

**ДАЈТЕ МИ РАБОТА ПА МАКАР И - СИЗИФОВА.**

Ванчо ПОЛАЗАРЕВСКИ

**ЗА КРАВАТА ВОЛОТ Е ОБИЧНО ГОВЕДО.**

Евтим ГАШЕВ

**ИМААТ ВИЗИЈА КАКО ЌЕ НЕ ИЗВЛЕЧАТ. ЌЕ НЕ ВЛЕЧАТ СО ЈАЖЕ ОКОЛУ ВРАТОТ**

Васил ТОЛЕВСКИ



Зоран. ЗЛАТИЧАНИН




Миленко КОСАНОВИЌ

**ЃАВОЛИТЕ СВОЈОТ РАЈ ГО ВИКААТ БАЛКАН.**

Јован АЛАЃОЗОВСКИ

**ВЛАСТА ГО ОПРАВДА СИЛУВАЊЕТО: ГОЛИОТ НАРОД ДЕЛУВАШЕ ТОЛКУ ПРЕДИЗВИКУВАЧКИ.**

Ванчо ПОЛАЗАРЕВСКИ